Локален Совет за Волонтерство на Општина Битола
sovetzavolonterstvobt@gmail.com
www.facebook.com/sovetzavolonterstvobitola

Бр.40-145/3
28.06.2023 година

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната седница на Локалниот совет за волонтерство (ЛСВ) на општина Битола**

Седницата се одржа на 28.06.2023 (среда) со почеток во 12:00 ч.

На седницата беа присутни 7 членови на ЛСВ (прилог список за присуство)

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на записникот од конститутивната седница одржана на ден 13.04.2023
2. Стратегија за развој на волонтерството на општина Битола 2023-2026
3. Годишна програма и Акциски план на ЛСВ за 2023 година
4. Тековни прашања

**По првата точка**, Записникот од конститутивната седница од 13.04.2023 година беше усвоен со 7 гласови ЗА.

Во однос на **втората точка**, Претседателот на ЛСВ Златко Талевски ја презентираше Стратегијата за развој на волонтерство на општина Битола 2023 – 2026 која беше усвоена од Советот на општина Битола.

Во однос на **третата точка** членовите на ЛСВ дискутираа кои активности од Акциониот план на Стратегијата за развој на волонтерство 2023 – 2026 да бидат дел од Годишната програма на ЛСВ за 2023 година. После дискусијата се договорија за следното:

**СЦ1: Промовирање на волонтерството во општина Битола**

1.1. За промоција на волонтерството да се направат видеа од 20 секунди од членовите на ЛСВ и да се објави повик за волонтери на социјалните мрежи.

1.2. ЛСВ да има копче на веб страната на општината и да има лице од општината за ажурирање на податоците за ЛСВ. Понудата и побарувачката за волонтери да се објавува редовно на каналите на социјалните мрежи на ЛСВ на фејсбук и инстаграм, како и во Вибер групата на членовите на ЛСВ.

1.3. Активности за одбележување на 5 декември – Меѓународниот ден на волонтерите

1.4. Јавно доделување на признанија на волонтерите за нивниот волонтерски придонес во општина Битола на 5 декември

**СЦ2: Поттикнување на волонтерството на локално ниво**
2.1. Промоција и дистрибуција на Прирачникот за управување со волонтери во граѓанските организации
2.2. Нема предвидени активности за 2023
2.3. Испраќање допис од општина Битола до локалните јавни институции и до училиштата за назначување на координатори за развој на волонтерството
2.4. Мапирање на општествено одговорни бизниси и организација на состанок со Регионалната стопанска комора

**СЦ3: Поддршка на волонтерството во образовниот систем**
3.1. Организирање на состанок со директори на училишта во основно и средно образование за вметнување на волонтерски програми во воннаставни активности
3.2. Нема предвидени активности за 2023
3.3.Назначените координатори да преземат активности за формирање на волонтерски клубови во училиштата

**СЦ4: Унапредување на системот за институционална поддршка на волонтерството**
4.1.Објавување на редовни информации за работата на ЛСВ на профилите на социјалните мрежи
4.2. Споделување на информации помеѓу членовите на ЛСВ за можности за обука дома и во странство
4.3. Деловодникот за работа на ЛСВ да се ревидира
4.4. нема предидени активности за 2023
4.5. ЛСВ да учествува во објавувањето на јавниот повик за поддршка на волонтерски акции и во одлучувањето за поддршка на проектните апликации и нивен мониторинг на спроведувањето.
4.6. Подготвителни активности за поднесување на апликација за Волонтерска престолнина на Европа во јуни 2024 година до Европскиот волонтерски центар во Брисел.

Во однос на **четвртата точка** Претседателот на ЛСВ Златко Талевски ги информираше членовите дека неодамна од печат излезе **Прирачникот за управување со волонтери во граѓанските организации**, чиј автор е тој и дека после состанокот ќе го сподели со членовите на ЛСВ. Прирачникот е ресурс за сите волонтерски менаџери и координатори на волонтери и можат слободно да го користат во своето секојдневно работење.

Записничар:
д-р Анита Ангелевска

Претседател на ЛСВ:
м-р Златко Талевски